# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр.5/2017
## 11.05.2017 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Сл.весник на РМ,, бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино (,, Сл.гласник на општина Неготино,, бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за утврдување на измена и дополна на Детален урбанистички план за Урбана заедница 5,Урбан блок 5.1, помеѓу улиците „Браќа Миладиновци“, „Јован Димитров“, „Тимјаничка“, „ Фемо Кулаков“ и „ 8 ми Ноември“, општина Неготино**

Се објавува Одлуката за утврдување на измена и дополна на Детален урбанистички план за Урбана заедница 5,Урбан блок 5.1, помеѓу улиците „Браќа Миладиновци“, „Јован Димитров“, „Тимјаничка“, „ Фемо Кулаков“ и „ 8 ми Ноември“, општина Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 10.05.2017 година.

Бр.09_160/1
11.05.2017

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 39 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ( ,,Сл.весник на РМ,, бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), Советот на општина Неготино на седницата одржана на 10.05.2017 година, донесе

# О Д Л У К А

## за утврдување на измена и дополна на Детален урбанистички план урбана заедница 5 урбан блок 5.1, помеѓу улиците "Браќа Миладиновци", „Јован Димитров“, “Тимјаничка“, "Фемо Кулаков" и „8 Ноември“, Општина Неготино

Член 1

Се донесува одлука за утврдување на измена и дополна на Детален урбанистички план за урбана заедница 5 урбан блок 5.1, помеѓу улиците "Браќа Миладиновци", „Јован Димитров“, “Тимјаничка“, "Фемо Кулаков" и „8 Ноември“, Општина Неготино, со плански период од 2016-2021 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог на измена и дополна на Детален урбанистички план за урбана заедница 5 урбан блок 5.1, помеѓу улиците "Браќа Миладиновци", „Јован Димитров“, “Тимјаничка“, "Фемо Кулаков" и „8 Ноември“, Општина Неготино, со технички број 04-96/2016 од март 2017 година, изработен од ТДПИГК „ПАРАМЕТАР “ ДООЕЛ – Скопје.

Член 3

Ова одлука стапува во сила со денот на усвојувањето, а ќе биде објавена во ,,Службен гласник на општина Неготино“.

Бр.08_149/3
10.05.2017 година

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичка планска документација**

Се објавува Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичка планска документација, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 10.05.2017 година.

Бр.09_160/2
11.05.2017

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 2 став 1 алинеја 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ“ број 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), на член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на Општина Неготино“ број 3/06, 2/2011 и 06/11), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на 10.05.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичката планска документација**

Член 1

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намена на бесправно изградени објекти кои треба да се вклопат со поединечни зони според намената на земјиштето и општиот режим на градење и употреба.

Член 2

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **3332** КО Неготино – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект со намена Викенд куќа (според геодетски елаборат бр. 0713/115 од 26.01.2016 година).

Член 3

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **8990/1** КО Неготино – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изградени објекти со бр.2, 3 и 4 со намена домување (според геодетски елаборат бр. 0803/1080-2 од 20.10.2016 година).

Член 4

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **8993** КО Неготино – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изградени објекти со бр.1 и бр. 2 со намена домување (според геодетски елаборат бр. 0703/417 од 31.10.2013 година).

Член 5

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **9097/1** КО Неготино – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изградени објекти со бр.1 и бр. 2 со намена домување (според геодетски елаборат бр. 0703/334 од 25.11.2015 година).

Член 6

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **9346** КО Неготино – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изградени објекти со бр. 1 и бр. 2 со намена домување (според геодетски елаборат бр. 0803/283 од 14.11.2016 година).

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Неготино“.

Бр.08_149/4
10.05.2017 година

**Совет на општина Неготино**
**П р е т с е д а т е л,**
**Јордан Паунов**

# С О Д Р Ж И Н А

## на Службен гласник бр. 5/2017

1. Заклучок за објавување на Одлуката за утврдување на измена и дополна на Детален урбанистички план за Урбана заедница 5,Урбан блок 5.1, помеѓу улиците „Браќа Миладиновци“, „Јован Димитров“, „Тимјаничка“, „ Фемо Кулаков“ и „ 8 ми Ноември“, општина Неготино Стр.1

2. Одлука за утврдување на измена и дополна на Детален урбанистички план за Урбана заедница 5,Урбан блок 5.1, помеѓу улиците „Браќа Миладиновци“, „Јован Димитров“, „Тимјаничка“, „ Фемо Кулаков“ и „ 8 ми Ноември“, општина Неготино Стр.2

3. Заклучок за објавување на Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичка планска документација Стр.3

4. Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичка планска документација Стр.3-4